# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.193 од 06.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" број 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13 и 44/15), во членот 108 зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборот „градоначалникот".

**Член 2**

Во членот 109 зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборот „градоначалникот".

**Член 3**

Во членот 110 став (1) се менува и гласи:
„За прекршоците предвидени со членовите 106, 107, 108, 109, 109-а и 109-б од овој закон пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд, управниот инспектор ќе спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Доколку сторителот го признае прекршокот, управниот инспектор ке му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на прекршочниот платен налог сторителот на прекршокот се смета дека се согласува да ја плати предвидената глоба."
Во ставот (2) зборовите: „платниот налог" се заменуваат со зборовите: „прекршочниот платен налог".
По ставот (3) се додаваат четири нови става (4), (5), (6) и (7), кои гласат:
„(4) Управниот инспектор од овој закон е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(5) Во евиденцијата од ставот (4) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(6) Личните податоци од ставот (5) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.
(7) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот."

**Член 4**

Подзаконскиот акт утврден во овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".